**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр. 08-414

Скопје 22.8 2018г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**


**МКД СЕРТИФИКАТ**
**МКС EN ISO 9001:2009**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-3772/2 од 22.08.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 22.08.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола

1. СЕ ЗАПИРА постапката покрената од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог Уп1 бр.08-414 од 06.08.2018 година, за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.
2. Решението е конечно.

## Образложение

Со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3515/1 од 30.07.2018 година, а поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, на 33-та седница, Советот на Агенцијата, согласно Заклучокот бр.02-3600/2 од 08.08.2018 година го усвои Предлогот на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на Директорот, за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола - Уп1 бр.08-414 од 06.08.2018 година.

Имено, согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Согласно член 9, став 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е утврдено дека бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво треба да биде најмалку 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.

Агенцијата за покренатата постапка го извести Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола (Известување Уп1 бр.08-414 од 08.08.2018 година) и му укажа дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од овластеното лице од страна на директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 17.08.2018 година, ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола достави во Агенцијата Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 15.08.2018 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија, бр.03-20/361 од 15.08.2018 година и два договори за извршување на привремени работи со придружна документација кон договорите, склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица, наш арх.бр.03-2318/5 од 17.08.2018 година (Прилог бр.1).

Со Писмениот извештај за извршен административен надзор (контролен) бр.03-3757/1 од 17.08.2018 година, (Прилог бр.2) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека од доставената документација видно е дека во ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола се вработени вкупно 3 (три) три лица, од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), ангажирани како новинари, со што радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови предвидени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Следствено на погоре наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а согласно Заклучокот, бр.02-3772/2 од 22.08.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 22.08.2018 година, донесе решение како во диспозитивот.

Решението е конечно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.